**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

Дел.Бр.14-10/244-1
02.09.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

**Предмет: Вонредна информација за состојбата со активни пожари до 12:30 часот на ден 02.09.2019 година.**

**РЦУК – Битола,** известува дека пожарот кој започна кај **с.Брник** сеуште е **активен,** а приоритет ќе биде да се заштитат населените места **Брник, Рапеш, Маково, Долно Орехово, Гдрумази** и **Паралово**, Изгорено површина од 420-450 хектари од кои 8 до 10 хектари се борови насади а остатокот е трева ниско стеблеста деградирана дабова шума и грмушки и се водат како пасишта. На гасење на пожарот на терен се присутни 12 лица од ЈП НШ-Кајмакчалан Битола и екипа на ТППЕ-Битола од 4 пожарникари и 1 ПП возило.

Пожарот кој започна на ден **01.09.2019 година.** на потегот на **с. Подвис** спрема **с. Годивле** каде гореше ниска дабова шума, сува трева и стрниште со површина од околу 100 хектариа и интервенираа 5 пожарникари со 1 возило рено од ТППЕ Крушево, 3 пожарникари со 1 возило од ТППЕ Кривогаштани, 7 пожарникари со 2 возила од ТППЕ Прилеп, 10 работници со 2 возила од ПШС „Липа, Крушево и 5 граѓани, во текот на ноќта сеуште беше активен. Во раните утрински часови на терен се упатени 2 работници од ПШС„Липа„ со 1 ПП возило и 2 пожарникари, со 1 возило од ТППЕ Кривогаштани и пожарот е ставен под контрола и не се проширува, Дежурните екипи ја следат состојбата и сеуште се на терен.

**РЦУК – Струмица,** известува дека во **општина Радовиш,** пожарот на **планината Готен,** кај **селата Покрајчево** и **Злеово** е ставен <u>под контрола.</u> На ден **02.09.2019 година.** Во гасење на пожарот денес учествуваат од ШС Плачковица 13 луѓе и ТППЕ Радовиш со 6 пожарникари. Состојбата се следи.

Од **ШС Беласица** известуваат дека на истиот пожар, потегот над **с.Кушкулија** (опш.Василево) е <u>локализиран</u> и не се шири. На ден **02.09.2019 година.** Во раните утрински часови на терен се упатени се 20 вработени од ШС Беласица Струмица.

**РЦУК – Велес,** известува дека пожарот во атаротот на **с. Ораовец** е сеуште **активен,** а спречено е неговото ширење кон **планината Клепа** и селото. Опожарени се над 200 хектари сува трева, трња, нискостеблеста дабова шума и смрека.

На ден **02.09.2019 година** од утринските часови интервенираат **ТППЕ Велес** со 13 пожарникари, 6 припадници на **ДЗС** и месно население, а од страна на **ЕЛС Велес** препратено е барање до **АРСМ** за ангажирање на хеликоптери.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Северна Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: <u>situacionen.centar@cuk.gov.mk</u>**

**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Подготвил:** Али Реџепи
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива